РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Државен просветен инспекторат
Inspektorati shtetëror i arsimit

Број: 31 – 737/5
04.07.2025 година
Скопје

ООУ „Хасан Приштина" Чаир, Скопје
SHFK „Hasan Prishtina" Çair, Shkup

| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| Датум на интегрална евалуација: | 28, 29 и 30.05.2025 г. |
| Број на извештај: | /Скопски плански регион 2025 |
| Раководител на инспекциски тим: | Afrim Saliu |
| Вид на училиштето: | Основно деветгодишно училиште |
| Основач на училиштето: | Општина Чаир |
| Наставен јазик: | Албански и Македонски наставен јазик |
| Број на ученици: | 1162 |
| Полова структура на ученици: | 598 машки и 564 женски |
| Број на наставници: | 87 |
| Претседател на училишниот одбор: | Ѓултен Јака |
| Директор на училиштето: | Есма Фазлија |
| Датум на претходна интегрална евалуација: | 04, 05 и 06.03.2019 година |
| Адреса на училиштето: | Ул. Коста Абрашевиќ бр. 7 |
| Телефон: Telefoni: | 02 2621 055 |
| Факс: Faksi: | / |

| | |
|---|---|
| e-mail:Posta elektronike: | info@hasanprishtina.edu.mk |
| оценка од интегрална евалуација: | добар (2,77) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на РМ“бр. 52/05, 81/08,148/09, 57/10, 51/11, 100/12, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.3/2025) и Правилникот за начинот и постапката за вршењето на инспекцискиот надзор („Службен весник на РМ“ број 87/2025 година)

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот Просветен Инспекторат и Законот за просветна инспекција во деновите 28, 29 и 30.05.2025 година се изврши интегрална евалуација во ООУ„Хасан Приштина" – Чаир, Скопје. Со интегралната евалуација се оцени квалитетот и ефективноста на воспитно-образовниот процес во училиштето како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулиран процесот на работата во ова училиште. За време на тридневниот надзор во училиштето се спроведоа активностите кои се предвидени во Законот, Правилникот и Прирачникот за интегрална евалуација.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници, состаноци со Директоротот на училиштето, стручните соработници, Училишниот одбор, Советот на родители, состаноци со наставници од стручни активи и со ученичката заедница и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ"Хасан Приштина" – Чаир, Скопје е **2.77 (добар).**

Училиштето работи согласно Законот за основно образование и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година. Годишната програма за работа на училиштето бр.0201-396 од 04.07.2024 година, е усвоена од страна на Советотот на општина Чаир.

Програмата за развој на училиштето со деловоден бр. 0201-326 од 15.06.2023 година опфаќа период од 4 години, односно од 2022 – 2026 година.

Наставата во училиштето се реализира врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование со настава на албански и македонски наставен јазик. Истите се донесени од Министерството за образование и наука а изработени од Бирото за развој на образованието.

Наставниците разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи (актив на одделенска настава, природно математички актив, актив на хуманитарно општествено подрачје, актив на вештини) , во соработка со наставници од други училишта, со поддршка од стручните соработници и одговорниот советник од БРО. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но мал број од наставниците планираат дифернцирани цели и активности за учениците со тешкотии во учењето и надарените ученици.

Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Изборните наставни предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.

Училиштето има формиран училишен спортски клуб „Хасан Приштина" – Чаир, Скопје, со Акт за основање на ден 05.04.2017 година. Истиот е регистриран во Централен регистар на РМ со деловоден р.30120170014635 и ЕМБС 7196962, како и во Агенцијата за млади и спорт под бр.03-214 од 07.05.2018 година.

Помал број наставници задачите и активностите ги прилагодуваат на индивидуалните можности на учениците и им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето и на надарените ученици. Поголем број од наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. На поголем број наставни часови изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција наставник-ученик, но, не и интеракција помеѓу учениците.

Во училиштето, со Решение бр.0204-109 од 25.02.2025 година, формиран е Инклузивен тим, составен од седум члена. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Во училиштето има 18 ученици со посебни образовни потреби со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ. За секој ученик со посебни образовни потреби, формиран е Инклузивен тим за ученик и изготвен е Индивидуален образовен план. Со шест ученици се работи по модифицирана програма. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП.

Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со попреченост во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Обезбедени се 16 образовни асистенти за 18 ученици. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.

Со Одлука бр.03-429 од 22.08.2024 година формиран е Тим за меѓуетничка интеграција во училиштето. Училиштето има партнер училиште за соработка. Има Договор за соработка со Основно училиште со ресурсен центар „Иднина“ - Скопје. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички наставни и воннаставни активности.

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирани во Годишната програма за работа на училиштето, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува извештаи.

Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење се превземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Помал број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, кои им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

Самоевалуација на училиштето заведено под бр.0201-191 од 26.03.2025 година го опфаќа периодот од 2025 до 2027 година и истиот е усвоен од Училишен одбор. Истиот е изготвен согласно новите индикатори.

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците по сите наставни предмети, по пол, етничка припадност и за сите квалификациони периоди. Училиштето нема пракса на донесување акциски план со активности за подобрување на постигањата на учениците донесен од Училишен одбор. Учениците со попреченост се идентификуваат на почетокот со уписот во прво одделение, додека учениците со тешкотии во

учењето и надарените ученици се идентификуваат во текот на наставата од страна на наставниците кои им предаваат.

Во училиштето мал број од наставниците планираат дифернцирани цели и активности за учениците со тешкотии во учењето и надарените ученици. Поголем број од учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.

Во училиштето се реализираат советувањата на родителите и учениците, за што се води уредна документација, се известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.

Поголем број наставници користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Училиштето реализира дополнителна настава по сите задолжителни предмети (освен изборните предмети и слободните изборни предмети) за кои учениците имаат тешкотии во учењето.

Во училиштето утврдено е постоење на функционална и соодветна соработка меѓу вработените, учениците и другите чинители во воспитно-образовниот процес, што придонесува за позитивна клима и ефективно функционирање на училиштето.

Училиштето презема соодветни мерки за обезбедување на здравјето и безбедноста на учениците и во своето работење ги почитува принципите на еднаквост, инклузивност и почитување на различностите.

Наставниот кадар ужива пријатен степен на почит од страна на родителите, а училиштето има изграден позитивен углед и препознатлив имиџ во локалната заедница. Средината за учење е безбедна и мотивирачка, и придонесува учениците да поставуваат лични и академски цели на повисоко ниво.

Учениците се информирани од страна на претставниците на Ученичкиот парламент за прашања од нивен интерес, но немаат системски утврдена можност за директно учество во процесите на идентификација и решавање на проблеми, ниту во донесувањето на одлуки и заклучоци кои се однесуваат на ученичката популација. Се утврдува дека членовите на Ученичкиот парламент не се поканууваат редовно на состаноци на Училишниот одбор, со што е ограничена нивната формална вклученост во процесите на донесување одлуки на ниво на управување со училиштето.

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Во училиштето, подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики. Во училишните активности вклучени се различните маргинилизирани ранливи групи на ученици.

Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната зедница, преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Има повеќе примери за остварена соработка на училиштето со деловната заедница.

За учениците од осмо и деветo одделение училиштето навремено им обезбедува јасни и точни информации за продолжување на образованието и организира активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална орјентација на учениците. Во соработка со средните приватни и државни училишта од градот во училиштето се изведуваат презентации или пак се поканууваат на отворените денови кои ги организираат училиштата.

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за етничката структура на членовите на училишниот одбор. Во работата на Училишниот одбор се вклучени и двајца претставници од ученичката заедница, без право на глас. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите структури. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со директорот на училиштето е многу добра.

Раководен орган во училиштето е Директорка именувана со Решение бр.09-380/2 од 12.02.2024 година со претходно искуство на вршител на должност Директор во траење од две (2) години во истото училиште. Истата е соодветна и поседува Уверение бр.11-457/3 од 23.11.2023 година за положен испит за директор. Директорката има добра соработка со вработените, користи различни идеи и искуства во спроведување на активностите.

Директорката има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето прифаќајки ги сугестиите, барањата и одговорностите преку соработка и интеракција со родителите, вработените, учениците, како и со локалната заедница и основачот и невладиниот сектор.

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. При дефинирањето фокусот е развивање на личноста на децата преку образование прилагодено на индивидуалните потреби со зајакнување на комуникацијата, соработката и разбирањето на различните етнички заедници. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата.

Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, граѓански активизам, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, не дискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн.

Статутот на училиштето со бр.0201-571/1 од 12.12.2019 година поседува Решение УП1 бр.18-304 од 14.02.2020 година за давање на согласност на Статутот на училиштето донесено од Министерството за образование и наука на РСМ. Училишниот одбор има донесено и статутарна Одлука бр.0201-62/1 од 22.02.2022 година за измена и дополнување на Статутот, за што поседува Одлука бр.0201-62/2 од 22.02.2022 година од Училишен одбор за усвојување на измените на статутот.

## Карактеристики на училиштето

Општинското основно училиште „Хасан Приштина" – е во Општина Чаир, Скопје. Училиштето е основано со Решение на Народниот одбор на Општина Кале на ден 24.07.1962 година под името Основно училиште „Цветан Димов", со Решение бр.118 од 24.07.1962 година. Поседува Решение бр.15-2211 од 26.06.1984 година за верификација на воспитно-образовната дејност на ОУ„Цветан Димов" – Скопје донесено од Општинскиот комитет за образование, култура и физичка култура на Собранието на Општина Центар. Владата на РМ на ден 22.06.2005 година има донесено Одлука бр.19-2326/1 од 22.06.2005 година за пренесување на оснивачките права и обврски над постојните основни училишта, на општините и на општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објекти. Со наведената Одлука ОУ„Цветан Димов" пренесени се оснивачките права за училиштето во Општина Чаир, Скопје.

На ден 17.01.2006 година со Записник бр.03-9 од 17.01.2006 година е извршено примо предавање на училиштето во Општина Чаир, Скопје. Училиштето нема нова верификација од Министерството за образование и наука по смена на името на училиштето во ОУ„Хасан Приштина" – Скопје. Училиштето има поднесено барање бр.03-360 од 05.09.2014 година до Министерството за образование и наука – Сектор за основно образование за издавање на нова верификација, но нема извршено нова верификација.

Општинското основно училиште „Хасан Приштина" – Општина Чаир, Скопје има својство на правно лице, стекнато со уписот во Централен регистар на Република Северна Македонија под бр.0805-50/150020250066605 од 25.02.202 г, со ЕМБС 4062698 под дејноста 85.20 основно образование. Наставата се одвива на Албански и Македонски наставен јазик.

Во ООУ„Хасан Приштина" – Општина Чаир, Скопје во учебната 2024/2025 година вкупно учат вкупно 1162 ученици од кои 598 машки и 564 женски во 51 паралелка. Од нив две паралелки реализират настава во Градинката „Фидани" во Чаир. Вкупната корисна површина на училишниот објек изнесува 3185 м$^2$, со површина на училишен двор од 2500м$^2$ и површина на спортски терени и игралишта од 2450м$^2$. Училиштето има: 28 училници, 2 кабинети, 1 фискултурна сала (мала), 1 работилница, 1 просторија за библиотека во која има библиотечен фонд: вкупно 5531 книги, од кој 2600 на албански јазик и 2931 на македонски јазик. Од нив 5200 книги се лектири (2400 на албански јазик и 2800 на македонски јазик), 131 се стручна литература (80 на албански јазик и 51 на македонски јазик), 200 книги по жанрови (120 на албански јазик и 80 на македонски јазик). Во библиотеката има и вкупно 1162 учебници (1121 на албански јазик и 41 на македонски јазик). Просторните капацитети во училиштето се добро организирани и максимално се користат. Покрај овие простории училиштето има и 6 простории за канцеларии (директор, наставничка канцеларија, канцеларија за педагог и психолог, канцеларија за дефектолог (сензорска училница) канцеларија за секретар и благајник.

Училишниот објект е изграден во 1962 година и дограден во 1980 година, истата е од цврста градба од приземје и 2 ката. Училиштето се загрева со парно греење (со нафта). Објектот е под видео надзор.

Наставниот процес во училиштето го реализираат 87 наставници од кои со магистерски студии има 3 наставници, со ВСС се 79 вработени, со ВШС-4 наставници и 1 наставник по физичко и здравствено образование со средно образование. Од овие наставници 18 се на определено работно време и 69 се на неопределено работно време. Од 18 наставници кои се на определено работно време од нив 9 наставници се несоодветни во наставата. Според етничка припадност 74 наставници се Албанци, 7 наставници се Македонци, 4 наставници се Бошњаци и 2 наставника се Турци. Во училиштето има директор, помошник директор, секретар, додека од стручната служба има психолог, два библиотекари, специјален едукатор рехабилитатор, која им пружа помош на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Во училиштето  има од администрација и тоа: администратор, технички секретар, благајник и сметководител.  Во училиштето има од техничка служба и тоа: домаќин, хаус мајстор, чувар и 8 хигиеничари.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и вонnаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Во училиштето недостасува училишна спортска сала за наставата по физичко и здравствено образование.

# 1. Планирање, настава и учење

## 1.1. Планирања на наставниците

Училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата, но не секогаш се врши дисеминација од спроведените обуки за планирањата на наставниците и стручните соработници. Од страна на стручната служба и директорот на училиштето се следат планирањата на наставниците најчесто на почетокот на учебната година, но нема пишани процедури за следење и давање поддршка за подобрување.

Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година во електронска форма, а оперативните планови и сценаријата за час се следат од страна на директорот и стручните соработници, најчесто при посетите на часови. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Исто така, Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за децата со посебни образовни потреби и модифицирана програма и по потреба соработува со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ при нивната изработка. Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и од стручните соработници. Следењето се врши со употреба на интерни инструменти.

Наставниците разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи (актив на одделенска настава, природно математички актив, актив на хуманитарно општествено подрачје, актив на вештини) , во соработка со наставници од други училишта, со поддршка од стручните соработници и одговорниот советник од БРО. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но мал број од наставниците планираат дифернцирани цели и активности за учениците со тешкотии во учењето и надарените ученици.

## 1.2. Наставен процес

Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставта се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Изборните наставни предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.

Помал број наставници задачите и активностите ги прилагодуваат на индивидуалните можности на учениците и им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето и на надарените ученици. На помал број, од наставните часови, се користат различни ресурси и

современи приоди во наставата. Поголем број од наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. На поголем број наставни часови изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција наставник-ученик, но, не и  интеракција помеѓу учениците.

Инклузивниот тим на училиштето е формиран со Решение бр.0204-109 од 25.02.2025 година на директорот на училиштето. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Во училиштето има 18 ученици со посебни образовни потреби со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ. За секој ученик со посебни образовни потреби, формиран е Инклузивен тим за ученик и изготвен е Индивидуален образовен план. Со шест ученици  се работи по модифицирана програма. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП.

Училиштето соработува со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“-Скопје, за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Училиштето располага со сензорна соба, а за спецификите и потребите за учениците со посебни образовни потреби специјалниот едукатор и рехабилитатор користи и изготвува прилагодени наставни средства, но не располага со неопходна асистивна технологија. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, не се целосно приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост, а располага со тоалет приспособен за деца со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со попреченост во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Обезбедени се 16 образовни асистенти за 18 ученици. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.

Тимот за училишна интеграција е формиран со Одлука бр.03-429 од 22.08.2024 година и истиот го спроведува акцискиот план за  следење на  реализацијата на активностите за МИО планирани во Годишната програма за работа на училиштето, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува извештаи. Тимот за училишна интеграција исто така се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам.  Тимот за училишна интеграција ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН. Потпишан е Меморандум бр.03-238/1 од 31.05.2022 година, за соработка со ООУ„Владо Тасевски“– Општина Карпош. Има примери на организирани заеднички воннаставни активности со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици.

### 1.3. Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. За време на часовите, мал број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Поголем број од наставниците даваат коментари за активностите на ученикот. Мал број од наставниците користат различни начини на мотивирање на учениците.

Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење се превземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Помал број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, кои им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

### 1.4. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување. Училиштето има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Поголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Поголем број од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. По мал број наставни предмети учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба.
Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,7, а помал од 0,9.

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Поголем број од наставниците им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

### 1.5. Вонnаставни активности и натпревари

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето, но во воннаставните активности не се вклучуваат

според сопствен избор и не се вклучени во изработката на програмите за воннаставни активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

тето работи согласно Законот за основно образование и Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година.Годишната програма за работа бр.01-412/1 од 04.07.2023 година, донесена од страна на Советотот на општина Гази Баба.Училиштето има Статут број 02-56/

## 2. Постигнувања на учениците

### 2.1. Постигнувања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците по сите наставни предмети, по пол, етничка припадност и за сите квалификациони периоди. Средниот успех на крајот на учебната2021/2022 година изнесувал 4,14, на крајот на учебната 2022/2023 година изнесувал 4,19, на крајот на учебната 2023/2024 година изнесувал 4,08, додека на крајот на првото полугодие во учебната 2024/2025 година изнесува 3,73, односно во училиштето се вршат анализи и се споредуваат постигањата на учениците на крајот од полугодието и на крајот од учебната година за учениците од третиот период. Училиштето нема пракса на донесување акциски план со активности за подобрување на постигањата на учениците донесен од Училишен одбор.

Во училиштето се следи и евидентира учеството и постигањата на воннаставните активности. Во учебната 2022/2023 година учениците од четврто одделение (една паралелка на албански јазик и една паралелка на македонски наставен јазик) и во учебната 2023/2024 година, истите паралелки во петто одделение се тестирани по предметите математика и природни науки (ТИМС спроведено од БРО), но училиштето нема добиени резултати од тестирањето. Учениците со попреченост се идентификуваат на почетокот со уписот во прво одделение, додека учениците со тешкотии во учењето и надарените ученици се идентификуваат во текот на наставата од страна на наставниците кои им предаваат.

Во училиштето мал број од наставниците планираат дифернцирани цели и активности за учениците со тешкотии во учењето и надарените ученици. Поголем број од учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигнувањата на учениците по секој квалификационен период на родителски средби, отворени родителски средби (информации со секој наставник индивидуално) и на приемни денови на наставници за средби со родители. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот.

### 2.2. Мерки за подобрување на постигањата

Училиштето ја следи редовноста на учениците, но активностите што ги презема за намалување на бројот на изостаноци не се засновани на анализи. Соработува со родителите/старателите, институциите, локалната самоуправа за да се зголеми редовноста во училиште. Просечниот број на неоправдани изостаноци на крај од учебната 2021/2022 е 0,81 по ученик, во 2022/2023 е 1,27 по ученик и 2023/2024 е 1,36 по ученик, додека на крајот на првото полугодие во учебната 2024/2025 година изнесува 0,77 по ученик. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди е помал од еден по ученик, а во најголемиот број паралелки просечниот број на изостаноци по ученик помеѓу два извештајни периоди е до два неоправдани изостаноци.

Во училиштето на почетокот на учебната година се прибираат податоци за ученици од ранливи категории и ја следи нивната посета на наставата. Тие ученици немаат неоправдано изостанување. Во училиштето се реализираат советувањата на родителите и учениците, за што се води уредна документација, се известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родителите и учениците во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

Поголем број наставници користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите задолжителни предмети (освен изборните предмети и слободните изборни предмети) за кои учениците имаат тешкотии во учењето. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Училиштето не ги анализира резултатите од дополнителната и диференцирана настава од аспект на придонес кон постигањата на учениците.

## 3. Училишна клима и односи во училиштето

### 3.1. Училишна клима

Основното општинско училиште „Хасан Приштина“ – Чаир, Скопје е препознатливо како воспитно-образовна установа која во континуитет промовира високи образовни постигнувања, редовност, дисциплина кај учениците и активно соработува со локалната заедница. Во рамките на своето делување, училиштето организира и реализира воннаставни активности, за чие афирмирање користи современи средства за комуникација и информирање, вклучително интернет-страница, социјални мрежи, ученичко катче и други медиуми.

Училиштето активно ги промовира постигнувањата на сите ученици како во рамките на самата институција, така и во пошироката локална заедница. Истовремено, евидентирано е дека училиштето има усвоено Правила за работниот ред и дисциплина бр.0201-701/1, Кодекс на однесување на учениците заведен под бр. 0201-701/2, Кодекс на однесување на дежурен наставник заведен под бр.0201-701/3, Кодекс на наставниците заведен под бр.0201-701/4, Кодекс на други вработени во училиштето заведен под бр.0201-701/5, Кодекс за однесување на родителите заведен под бр.0201-701/6 сите се со датум од 14.12.2022 година во кој се уредуваат принципите и правилата на однесување на сите структури вклучени во воспитно-образовниот процес.

Согласно Кодексот, училиштето спроведува доследна примена на утврдените правила и воспоставува редовни процедури за ревизија и ажурирање на неговата содржина, со вклучување на сите релевантни засегнати страни (ученици, наставен кадар, стручна служба, родители и други). Утврдено е постоење на функционална и соодветна соработка меѓу вработените, учениците и другите чинители во воспитно-образовниот процес, што придонесува за позитивна клима и ефективно функционирање на училиштето.

Во Основното општинско училиште „Хасан Приштина“ – Чаир, Скопје, е евидентирана професионална и функционална соработка меѓу вработените. Раководниот кадар, наставниот кадар и другите вработени активно придонесуваат кон одржување на позитивна и поттикнувачка атмосфера во училиштето, што рефлектира стабилна воспитно-образовна клима.

Училиштето презема соодветни мерки за обезбедување на здравјето и безбедноста на учениците и во своето работење ги почитува принципите на еднаквост, инклузивност и почитување на различностите. Примената на политики за еднаков третман е присутна во односот кон ученици со различни етнички, родови и функционални карактеристики, при што се обезбедува нивна целосна вклученост во сите аспекти на училишниот живот.

Наставниот кадар ужива пријатен степен на почит од страна на родителите, а училиштето има изграден позитивен углед и препознатлив имиџ во локалната заедница. Вработените, учениците и родителите покажуваат соодветно ниво на идентификација со училиштето, се посветени на реализација на неговите цели, го негуваат неговиот углед и отворено изразуваат гордост што се дел од оваа институција.

Во матичниот објект на училиштето, како и во објектот ЈДГ „Фидани“ во Чаир, каде има две паралелки од прво одделение, кои одржуваат настава поради немање доволно наставни училници за сите примени ученици – не се евидентирани закани, говор на омраза, провокации, навреди, ниту графити со навредлива или деструктивна содржина. Средината за учење е безбедна и мотивирачка, и придонесува учениците да поставуваат лични и академски цели на

повисоко ниво. Училиштето располага со усвоен Куќен ред заведен под бр.0201-701 од 14.12.2022 година, кој се почитува од страна на учениците и вработените, што дополнително придонесува за воспоставување на ред, дисциплина и позитивна училишна култура.

Во Основното општинско училиште „Хасан Приштина“ – Чаир, Скопје е воспоставена работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените демонстрираат континуирана грижа и надзор над однесувањето на учениците за време на големите и малите одмори, како и за време на приемот и заминувањето на учениците од училиштето, во согласност со Проширената програма на училиштето. Училиштето го применува Правилникот за начинот на изрекување и спроведување на педагошки мерки, при што се следат утврдени постапки за превенција, интервенција и следење на ефектите од мерките. Во оваа насока, Стручниот тим за поддршка на ученици е активно вклучен во постапките за надминување на причините што довеле до изрекување на педагошки мерки, со што се обезбедува системска поддршка за ученикот и подобрување на неговото однесување. Во рамките на училиштето формално има Ученички парламент. Исто така, во училиштето ученичкиот парламент е формиран само на записник, без донесени одлуки со кои предложените се избрани и колку трае нивниот мандат.

Учениците се информирани од страна на претставниците на Ученичкиот парламент за прашања од нивен интерес, но немаат системски утврдена можност за директно учество во процесите на идентификација и решавање на проблеми, ниту во донесувањето на одлуки и заклучоци кои се однесуваат на ученичката популација. Се утврдува дека членовите на Ученичкиот парламент не се поканувааат редовно на состаноци на Училишниот одбор, со што е ограничена нивната формална вклученост во процесите на донесување одлуки на ниво на управување со училиштето.

## 3.2. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Во училиштето е избран ученик правобранител и има мал број на реализирани активности за заштита и унапредување на правата на учениците. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Голем број на ученици сметаат дека нивните права се почитуваат.

Во училиштето, подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има механизми со кои обезбедува нивно почитување, во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот. Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат во таков случај. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднеаков третман. Во училишните активности вклучени се различните маргинилизирани ранливи групи на ученици.

### 3.3. Партнерски однос со заедницата

Основното општинско училиште „Хасан Приштина" – Чаир, Скопје презема бројни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на работа на училиштето на сите нивоа. Од разговори водени во училиштето, со наставниците и членовите на Училишниот одбор и членовите на Советот на родители, се доби впечаток дека вклученоста на родителите во животот на училиштето е добра.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите и пренесување на информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето преку организирање родителски средби и преку електронска форма. Училиштето со својата работа ги поттикнува родителите да се вклучат во теми, како што се советување на родителите, заедничко организирање на патронен празник и изведување на ученички екскурзии и други вонаставни активности. Комуникацијата со родителите во училиштето се остварува секојдневно. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во работата на училиштето и постои документација за прифатени и реализирани идеи од родители/старатели за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето како на пример: носење на училишни униформи, организирање новогодишен панаѓур итн. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната зедница, преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Има повеќе примери за остварена соработка на училиштето со деловната заедница.

### 3.4. Севкупна грижа за учениците

Основното општинско училиште „Хасан Приштина" – Чаир, Скопје има протокол во кој се дефинирани облиците на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите вклучени во воспитно образовниот процес. Вработените во училиштето ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата. Училиштето води уредна евиденција за појавените форми на насилство и при појава на секој облик на насилство од страна на возрасните и учениците се постапува според протоколот. Навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерство за внатрешни работи и здраствените установи. Учениците кои се жртви на насилство и нивните родители се запознаени од страна на стручната служба на училиштето со правата и процедурите за поднесувањена поплаки и при тоа училиштето навремено постапува. Стручната служба во училиштето има процедури за конструктивно работење со учениците кои се дел од врсничкото насилство. Преземените активности придонесуваат насилството во училиштето да е намален обем.

Во училиштето на видни места има истакнати знаци за забрана за пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето се реализираат активности во вид на работилници за заштита од штетни влијанија за пушењето, алкохолот и наркотични средства. Училиштето има училишна кујна за учениците

од целодневна настава, а учениците од погорните одделениа се хранат од околните објекти за исхрана, но вработените немаат увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците од објектите што се во непосредна близина на училиштето. Во училиштето на класниот час се обработуваат теми за здрава исхрана.

Во училиштето тоалетите се чистат секојдневно, хигиената во училиштето е на солидно ниво. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција и дератизација. Ходниците, скалите и подот во училниците и останатиот училишен простор се чистат најмалку еднаш во денот, мебелот еднаш во неделата а прозорците, вратите и другиот инвентар по еднаш во секое полугодие. Дворот во училиштето е чист и делумно хортикултурно уреден. Во дворот во училиштето и во секоја училница има корпи за отпадоци. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење. Сите ученици и вработени вршат редовни систематски прегледи. Во училиштето има 9 лица кои имаат сертификати за давање на прва помош.

Во училиштето има вкупно 13 ПП апарати кои редовно се сервисираа и се соодветно распределени во училиштето. Хидранти во училиште има вкупно 10 хидранти кои се функционални. Објектот на училиштето има громобранска инсталација и обезбедени 10 сандачиња за давање на прва помош. Сервисот и обезбедената опрема за хидрантите, громобранската инсталација и ПП апаратите е извршен на 10 и 11.04.2025 година. Во училиштето постои план за евакуација кој е поставен на видно место, но во последната година не е извршена симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогодии друга опасност. Училиштето има фотоволтајци за олеснување на електричната енергија инсталирани на кровната конструкција со број на фотоволтајци 16 парчиња со инсталација. Објектот во училиштето е осигуран од 24.09.2024 година.

Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозените семејства. Училиштето соработува со хуманитарни и невладини организации и деловната заедница за подршка и помош на учениците од социјално загрозени семејства. Во последните неколку учебни години немало пример за ученици кои поради здраствени причини отсуствуваат подолго време од редовната настава. Стручната служба (педагог, психолог и дефектолог) има механизми за препознавње на социо-емоционални потешкоти. Педагогот, психологот и дефектолот се обучени да им помогнат на учениците со емоционални потешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здраствени установи, центар за социјална работа итн.) Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење.

За учениците од осмо и деветo одделение училиштето навремено им обезбедува јасни и точни информации за продолжување на образованието и организира активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална орјентација на учениците. Во соработка со средните приватни и државни училишта од градот во училиштето се изведуваат презентации, или пак се поканувaат на отворените денови кои ги организираат училиштата.

Училиштето планира и реализира заеднички наставни и воннаставни активности со балансирани хетерогени групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.

## 4. Управување, раководење и креирање политики

### 4.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор на училиштето е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за етничката структура на членовите на училишниот одбор. Во работата на Училишниот одбор се вклучени и двајца претставници од ученичката заедница, без право на глас. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Правилник за работа на училишниот одбор заведена под бр.0201-659/1 од 27.12.2021 г. Годишната програма за работа на училиштето не ја содржи посебната програма за работа на Училишниот одбор. Училишниот одбор за учебната 2024/2025 година има изготвено посебна програма за работа заведена под бр.0201-622 од 05.11.2024 година. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите структури. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти, вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето во последните три години нема реализирано обука за членовите на училишниот одбор. Потребната подршка за законско работење се добива од секретарот на училиштето, а за сите останати прашања од областа на образованието соработката е остварена од раководниот орган и стручната служба. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинското учество.

Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со директорот на училиштето е многу добра, со остварен партнерски однос и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Училишниот одбор се свикува со покана во електронска форма и обезбедени материјали за работа на состаноците.

Раководен орган во училиштето е Директорка именувана со Решение бр.09-380/2 од 12.02.2024 година со претходно искуство на вршител на должност Директор во траење од две (2) години во истото училиште. Истата е соодветна за што поседува диплома бр.4875 од 24.05.2008 година издадена од Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“, при УКИМ во Скопје. Поседува Уверение бр.11-457/3 од 23.11.2023 година за положен испит за директор. За својата работа директорот на училиштето има изготвено Програма за работа која не е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за период од 2024 до 2028 година. Директорката има добра соработка со вработените, користи различни идеи и искуства во спроведување на активностите. Работењето е транспарентно со директна комуникација, преку соопштенија, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска кореспонденција со оние кои треба да бидат информирани.

Директорката има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето прифаќајки ги

сугестиите, барањата и одговорностите преку соработка и интеракција со родителите, вработените, учениците, како и со локалната заедница и основачот и невладиниот сектор.

Фокусот на работењето на директорот е подобрување на условите во училиштето со акцент на реновирање на училишната зграда, обезбедување на оптимални услови за работа во училиштето оптимално обезбедување на ИКТ опрема со цел подобрување на наставниот процес, снабдување со нагледни наставни средства за потребите на наставниците и учениците во наставата,  вклучување на наставниците во обуки, советувања и семинари за подобрување на реализацијата на воспитно образовниот процес, реализација на стратешките цели од програмата за развој, подршка на ученичкиот парламент и обезбедување на поактивно вклучување на учениците во области кои се во нивен интерес, подршка и активно учество во спроведувањето на програмата за Меѓуетничка интеграција во образованието како и негување на мултикултурализмот во училиштето. До сега е реализирано дел од планираните активности во програмата за развој со запазување на временската рамка.  Раководењето на директорката се заснива на тимска работа, преку вклучување на вработените во процесите на планирање, реализација и евалуација на севкупните активности. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста  и граѓански активизам.

## 4.2. Цели и креирање на училишната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. При дефинирањето фокусот е развивање на личноста на децата преку образование прилагодено на индивидуалните потреби со зајакнување на комуникацијата, соработката и разбирањето на различните етнички заедници. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на  мисијата и визијата.

Вработените се запознаени со мисијата и визијата и се прават напори за нивно остварување. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање, а воедно ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите  во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето има договорни процедури за донесување на училишни  политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, граѓански активизам, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, не дискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Наставниците, стручните соработници и формалните органи  во  училиштето активно учествуваат во креирањето и  подобрувањето на политиките како и во активностите за нивно остварување.

## 5. Наоди и препораки:

### 5.1. Силни страни :

- Во последните три учебни години учениците имаат високи постигања и нема ученици кои ја повторувале годината,
- Обезбедени се 16 образовни асистенти за 18 ученици,
- Работната дисциплина и атмосвера на наставните часови е добра,
- Воспоставена е позитивна клима, добри меѓучовечки односи и меѓусебна почит и соработка меѓу наставници, ученици и родители,
- Воспоставен добар однос, грижа и пристап на наставниците кон учениците,
- Добра соработка со локалната заедница и невладиниот сектор,
- Постои севкупна грижа на училиштето за здравјето, безбедноста и напредокот на учениците,
- Училиштето располага со фотоволтаична централа за сопствено производство на електрична енергија, со што покажува ангажираност за енергетска ефикасност и одржлив развој,
- Директорката има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето,
- Максимална искористеност на просторните капацитети,
- Училиштето има добро партнерство со родителите.

### 5.2. Слаби страни:

- Училиштето нема нова верификација од Министерството за образование и наука по смена на името на училиштето во ОУ„Хасан Приштина“ – Скопје,
- Мал дел од наставниците планираат диференцирани цели, активности и наставни техники кои се прилагодени на индивидуалните можности на учениците и нема доволна интеракција на часовите на релација ученик – ученик,
- Училиштето не располага со доволен број на нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби (асистивна технологија),
- Слабо се употребуват нагледните средства во наставата особено во предметната настава,
- Недоволно учество на учениците во донесувањето одлуки и во решавањето на проблеми во училиштето,
- Слабо одржување на дежурството од страна на наставниците во текот на работниот ден,
- Спортската сала не ги исполнува условите за нормална редовна настава,
- Нема изведена симулација за постапување во случај на елементарна непогода.

5.3. Препораки:

- Да се обезбеди нова верификација од Министерството за образование и наука со новото име на училиштето во ОУ„Хасан Приштина“ – Скопје,
- Да се планираат диференцирани цели и активности со учениците и редовно да се употребуваат наставни техники кои придонесуваат за подобрување на интеракцијата на часот,
- Да преземе мерки и активности за обезбедување на нагледни средства материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби (асистивна технологија),
- Да се преземат мерки и активности за поголема употребува на нагледните средства во наставата особено во предметната настава,
- Да се преземат мерки и активности за учество на учениците во донесувањето одлуки и во решавањето на проблеми во училиштето,
- Да се одржува во континуитет дежурството од страна на наставниците во текот на работниот ден,
- Да се прават напори за обезбедување на Спортска сала за нормално одвивање на наставата,
- Да се изведе симулација за постапување во случај на елементарна непогода.

| | |
|---|---|
| Afrim Saliu - Раководител на сектор за инспекциски надзор, главен инспектор – Раководител на инспекциски тим | |
| Драгослава Војнацилевска - Советник Државен просветен инспектор – член на инспекциски тим | |
| Зоран Ристески - Советник Државен просветен инспектор – член на инспекциски тим | |